Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 183 став 3 и 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден _.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член на Управен одбор на**
**ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес,**
**претставник на општинската администрација**

1. ________________, се именува за член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, претставник на општинската администрација.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес до Советот на Општина Велес доставено е барање за именување на член на управен одбор со бр.25-2892/1 од 21.05.2025 година.

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на ден 16.12.2019 година, донесе Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес со бр. 25-4830/16 од 17.12.2019 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.22/19). Со ова Решение се именува Верица Тодоровска Дацева за член во Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, претставник на општинската администрација.

Согласно член 183 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23): „Во центар за социјална работа управиот одбор го сочинуваат пет члена, од кои еден член вработен во општинската администрација кој врши работи од социјална заштита, предложен од советот на општината на чие подрачје е седиштето на центарот за социјална работа, еден член е стручен работник од центарот за социјална работа, еден член е од редот на корисниците, односно нивните застапници/старатели предложен од Советот на корисници и двајца членови се претставници на основачот” и став 6:

„Членовите на управниот одбор се избираат со мандат во траење од четири години“.

Поради истек на четиригодишниот мандат на именуваниот член, потребно е да се именува нов член за функционирање на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, во целосен состав.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.